Игор ЈУРУКОВ

# УСНАТА ИСТОРИЈА ВО НАСТАВАТА ПО ИСТОРИЈА

Од 19 до 22 мај 2005 година во Тирана, во организација на „Институтот за интернационална соработка на Германскиот институт за образование на возрасни" се одржа семинар за наставници по историја на тема: „Oral history in the classroom". Семинарот беше организиран во рамките на проектот „Сеќавање на минатото" на тема „Методот на оралната историја".

„Методот на орална историја" е еден од начините на предавања во повеќето европски земји, и опфаќа интерактивно изучување на историјата, пред сé на семејната и роднокрајната историја. Целта на методот е учениците преку семејната и роднокрајната историја да ја разберат историјата како наука за минатото и да ја поврзат со националната и светската историја. Истовремено учениците би ги споредиле различните приказни кои ќе ги пронајдат при истражувањата и ќе дискутираат за нив.

Учесниците на семинарот активно ги следеа активностите и предавањата и дадоа свој придонес во работата[1]. На крајот изработија и презентираа своја тема како и подготовка и презентација на организација на еден час по методот на орална историја. Учесниците од Република Македонија[2] ја одбраа и обработија темата „Ослободувањето на градот Скопје" презентирајќи ја преку методот на оралната (усната) историја.

Подолу ви ја пренесуваме презентацијата на примената на методот на усната историја, како и пример-подготовка на еден наставен час со примена на овој метод.

## Примена на „Методот на оралната историја" во Република Македонија[3]

Примената на „Методот на оралната историја" во Република Македонија беше изведена постапно преку следниве чекори:

- Презентирање на проектот „Методот на оралната историја" пред учениците, кои го прифатија како интересен начин на работа и дел

[1] На семинарот учествуваа наставници од Македонија, Албанија, Бугарија, Србија и Црна Гора, Босна и Херцеговина, Романија и Словенија. Предавачи беа: Проф. Др. Милика Џамо од Универзитетот во Тирана и Вања Иванова од „Институтот за интернационална соработка на Германскиот институт за образование на возрасни", од Бугарија..

[2] Од Република Македонија учествуваа наставниците по историја од основното образование: проф. Невена Петковска, проф. Игор Јуруков и проф. Анита Ангеловска.

од интерактивната настава;
- Избор на тема: беа дадени неколку предлози за одбирање на тема која би се работела по методот на оралната историја, по што беше одбрана темата **„Скопје 1963 година - Година на елементарна непогода - ЗЕМЈОТРЕС“**.
- Начин на работа: за обработка на темата со „Методот на оралната историја“ учениците беа поделени во пет групи кои преку проучување на различни начини работеа на собирање на податоци за темата. Беа поделени задачи по групи.
- Задачи на групите: 1. Проучување на слики; 2. Проучување на текстови; 3. Проучување на документи; 4. Правење на интервјуа; 5. Посета и проучување на спомениците од времето на земјотресот.
- Групите ги изработија задачите кои им беа зададени, односно ги проучија сликите, текстовите, документите, спомениците и направените интервјуа, при што секоја група направи известување за својата работа.
- Врз основа на резултатите беше составен заеднички портфолио и заедничка книгичка со наслов „Скопје 1963 година - Година на елементарна непогода - ЗЕМЈОТРЕС“. Истото беше запишано и на ЦД.
- Заклучок: „Методот на оралната историја“ беше прифатен од учениците и наставниците и успешно реализиран.
- Следни активности: Обучување (тренинг) за наставници **II: „Изработка и учење на оралната историја“**, истражувачки проект, 1-6 јули, Сибиу-Фагераш, Романија.

## Правиме и учиме еден истражувачки проект по методот на оралната историја

Како продолжение на семинарот во Тирана, Албанија, во кои беа прикажани основите на „Оралната историја“, се одржа семинар во Романија во градовите Сибиу и Фагераш во организација на ИИЗ - ДВВ. Темата на семинарот беше: „Да научиме да правиме истражувачки проекти по методот на оралната историја“.

Во текот на семинарот беа организирани разновидни активности (предавања, панел-дискусии, работилници, практични реализации) и посети на повеќе значајни места и знаменитости. Самиот факт што градот Сибиу е прогласен за Европски град на културата за 2007 имаше голема симболика и даваше посебно значење за семинарот. Освен Сибиу дел од семинарот се одржа и во градчето Фагераш. На овој начин имавме можност да направиме разлика помеѓу главниот град Букурешт, градот Сибиу и помалиот град

[3] Примерите ги подготви Игор Јуруков, професор по историја, наставник по историја во Основното училиште „Петар Поп Арсов“ од Скопје.

Фагераш, како и да посетиме неколку села. Во рамките на посетата на Сибиу, го посетивме и националниот парк - музеј, каде што беа претставени сите видови на села во Романија.

На семинарот најпрво беа потврдени знаењата од претходниот семинар и беше дефинирана *оралнаша(уснаша) исшорија* како поим. При тоа се истакна дека во рамките на истражувачките проекти по методот на орална историја се користат повеќе различни методи, односно дека истражуањето е мултидисциплинарно.

При истражувањето се користеа: слики, документи, споменици, музеи, а посебно внимание им се посвети на сведоштвата од живи сведоци. Притоа посебно се нагласи интервјуто и неговата изработка.

Интервјуирањето откако го проучивме теоретски, го проучивме и практично преку составување на прашања, селектирање на прашањата и нивна примена. Бевме поласкани да се сретнеме со еден од претставниците на отпорот против комунизмот од реонот на Фагераш и Сибиу, при што добивме одговори на прашањата од прашалникот. На крајот се направи заеднички заклучок од интервјуто.

- Заклучок: *Мешодош на оралнаша исшорија* беше продлабочен и практично реализиран од сите учесници на семинарот.
- Следни активности: **Тренинг за наставници III**: „**Изучувањето на историјата во периодот на комунизмот**", истражувачки проект, Љубљана, Марибор, Словенија.

## ОБРАБОТКА НА НАСТАВНА ЕДИНИЦА

**Одделение**: VIII

**Наставна единица:** Прва Светска војна - Повторување

**Цели на часот**:

Учениците ги повторуваат стекнатите знаења преку вежба во кои треба да ги препознаат државите кои учествувале во Првата Светска војна, преку препознавањето на нивните карактеристики, даваат критичко мислење и претпоставуваат дека самите се учесници во војната, при што даваат решенија и заклучоци.

**Организација на часот**:

На почетокот учениците се запознаваат со начинот на работа, при што наставникот ги објаснува задачите, начинот на кој учениците ќе работат и задава задачи. Ги дели учениците во шест групи. Учениците откако ќе бидат поделени во групи, добиваат текст кој треба заеднички да го проучат. Сите активности, решенија, заклучоци и слично, ги донесуваат заеднички.

Секоја група добива текст кој треба да биде познат само за учениците во групата.

Текстот е однапред подготен и се однесува на Првата светска војна, на државите учеснички, односно објаснува по една држава учесничка во војната. По карактеристиките дадени за државата учениците треба да ја препознаат државата. Воедно тоа е првиот дел од задачата.

Откако ќе ја решат оваа задача учениците се сретнуваат со прашањето: *Што би направиле вие?* со што се поттикнува нивната креативност и фантазија. Тие треба да направат стратегија и да ја изложат пред другите групи. Притоа треба да изберат лидер- претставник на целата група, кој би ја претставил нивната стратегија во војната. Ова е вториот дел од задачата.

Во зависност од вториот дел и стратегијата која ја предвиделе учениците го одговараат прашањето: *Како вие би ја избегнале војната*?

Потоа групите го изложуваат она што претходно го направиле заедно.

**Средства и постапки на вреднување**:

Наставникот во текот на часот ги усмерува и ги поттикнува учениците. Тој прави компарации и носи заклучоци врз основа на постигнувањата од страна на учениците. Утврдува дали часот е успешен и дали учениците го разбрале и го научиле предвидениот материјал за Првата Светска војна.

**Потребно време:** Еден училишен час ( 40 минути )

- Часот се изведува во кабинет по историја;
- Групна форма на работа на часот;
- Монолошко - дијалошки метод на разговор;

**Нагледни средства:** Подготвени текстови од настваникот;

Извори: Учебник по историја за осмо одделение, Интернет страни, The World global history;

**Наставник:** проф. Игор Јуруков, О.У. „Петар Поп Арсов“ - Скопје